43325



# НЕ САКАМ ДА ВНЕСУВАМ НЕМИР

## ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ, СКУЛПТОР

Во галеријата на угледното списание „Економист“ во Лондон во тек е изложбата на македонскиот скулптор **Петар Хаџи Бошков.** По покана на галеријата, 68-годишниот Хаџи Бошков, еден од најзначајните македонски ликовни уметници, во отворениот и затворениот галериски простор во самиот центар на Лондон ги изложи делата од својот најнов циклус „Мир – Немир“. Надвор се изложени 6 скулптури од алуминиум од по 4 метра, внатре 8 мали од месинг, и уште 10 графики и 6 цртежи. За Хаџи Бошков, инаку дипломец на љубљанската Академија за ликовни уметници, со бројни изложби дома и во светот, ова е второ претставување во Лондон – првото беше во 1960 во галеријата Грабовски, по претходниот студиски престој на Кралскиот колеџ за ликовни уметности и Слејдовата школа за ликовни уметности. Тогаш се сретнал и соработувал и со прочуениот британски скулптор Хенри Мур кој има големо влијание во неговиот уметнички развој. За тоа како настанаа делата од „Мир – Немир“ и за неговата работа денес, со Петар Хаџи Бошков разговаравме деновиве во Скопје.

**– Јас во април отидов во Лондон за да го видам просторот, така што поточно го дефинирав концептот мир-немир. Тој простор е помалку студен, во смисла на тоа што е заграден од огромни високи згради со еден пешачки плочник, стакло, челик и бетон, со вертикали и хоризонтали. Јас барав во тој простор, кој и сам има еден немир, да внесам нешто што ќе биде немир. А немирот беше токму скулптурата. Да произлезе едно движење од тие ленти од кои се составени скулптурите, да го фиксирам тој момент на движењето, и целата таа извитканост на еден немир, да ја претворам во еден јазол за тој цел простор да живне. Едната скулптура е висечка меѓу два столба, и е постојано во движење – правите ленти се мирот, а искривените немирот, тие се полирани, а немирот е оксидиран, од ветрот тие се судираат и се создава еден звук, а самата околина, која се рефлектира во нив, се движи. Овие скулптури за прв пат ги поставив во простор во Лондон и бев многу задоволен оти видов дека сето тоа што го бев замислил е изведено.**

*● ПОТРАГАТА НА СЕКОЈ ЧОВЕК Е ДА СЕ ПОСТИГНЕ И ДА СЕ ОДРЖИ БАЛАНС ВО ОДНОСОТ МЕЃУ МИРОТ И НЕМИРОТ, – ПАРИСКАТА ИЗЛОЖБА БЕШЕ МАНИФЕСТАЦИЈА БЕЗ КОНЦЕПТ И ЗАТОА МИСЛЕВ ДЕКА ЌЕ ВНЕСАМ ПОГОЛЕМ ХАОС АКО ГО ДАДАМ МОЕТО ДЕЛО*

### ● Движење на миротот

● Овие ваши скулптури се мошне редуцирани во формата. Дали токму таа редуцираност, што се забележува како тенденција во вашето творештво, е израз на вашиот личен мир?

**– Во секој човек посебно и во целата цивилизација воопшто постои еден однос на мир и немир, а барањето баланс меѓу нив е постојан процес. Потрагата на секој човек, па и на мене лично, е да се постигне и да се одржи балансот во тој однос меѓу мирот и немирот, да се постигне една смиреност, да не настане хаос, да има движење и широчина. Мојата цел е секој што ќе ги види овие скулптури да може да размислува за тој однос на мир и немир. Оти тоа не е само како единката сама се чувствува туку и како делува на околината. Никој нема право да предизвикува хаос, може само себе ако сака да се самоуништи.**

● Каков беше односот на лондонската публика кон овие скулптури, дали имаа потреба да ги допираат, да се однесуваат некако посебно кон нив?

**– Имаше моменти кога луѓето сакаа да ја допрат скулптурата, се случи и децата, кои како да беа понесени од движењето на скулптурите, да сакаа да потрчаат и имав чувство како да сакаат да ги јавнат. Имав впечаток дека скулптурата делува врз гледачот, нормално постарите не помислуваа да ги јавнат, но реагираа на тоа што во тој простор има нешто што се движи што е извиткано, а не само статичен простор од вертикали и хоризонтали.**

● Дали овој циклус ќе го развивате и понатака, дали е тој увод во некоја друга тема?

**– Овој циклус го работам во последниве три години, но целиот мој творечки опус е на тема ритам и движење. Овој циклус се разликуваше од она што досега го работев по тоа што јас овојпат ја напуштив масата, и затоа направив ленти долги 4 метри. Но, таа лента сепак создава една цела маса на една скулптура. Тешко е да се раздвижи масата, мора да се најде една форма, тоа е овде лентата, тоа е она лесното што овде се движи. Се надевам дека изложбата од Лондон ќе се врати во Скопје и ќе биде дополнета можеби и со нови работи на кои веќе работам.**

*● ОСНОВАТА НА ЕСНАФСКО ЗДРУЖУВАЊЕ БИ БИЛА ДА СЕ НАЈДАТ НАЧИНИ КАКО ДА СЕ СОЗДАДАТ ФОНДАЦИИ КОИ БИ ГО ПОМОГНАЛЕ МАТЕРИЈАЛНОТО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА УМЕТНИЦИТЕ*

### ● Дела на бесконечни пространства

● Кундера, во „Уметноста на романот“, вели дека егзистенцијалниот код на секоја личност го сочинуваат неколку клучни зборови кои ја откриваат суштината на нејзината егзистенцијална тема. Ги откривте ли вие зборовите на вашиот код?

**– Тоа се токму мирот и немирот. Тоа се бесконечни пространства на посебности кои јас ги анализирам и наоѓа начини да ги изразам во моето дело. Особено по лондонската изложба, забележувам дека скулптурата делува и на тие кои немаат ликовна наобразба, ако ништо друго барем ги тера да се запрашаат. Во иднина овие два збора ќе добијат на широчина, но што ќе се случи со мојата скулптура не знам – и јас сум љубопитен да видам до каде ќе допрам.**

● Работите во три медиуми: скулптура, графика и цртеж. Каков е вашиот однос кон нив, дали е тоа полифонија или секој е посебен за себе?

**– Мислата, идејата, секогаш почетниот белег го добива во вид на цртеж, но и цртежот и графиката се една предподготовка за изведба на скулптурата. Многу мои идеи завршуваат на цртеж, некои завршуваат на графика, а дел доаѓаат и до скулптурата. Работењето во трите медиуми е во суштината на процесот на моето творештво, а од друга страна, ако исклучиво работам само скулптура може да почувствувам замор и заситеност, па цртежот и графиката ми помагаат да се одморам.**

### ● „Испратете едно дело“!

● Во средината на осумдесетите бевте единствениот уметник член на ДЛУМ кој одби да се солидаризира со неучествувањето на еснафските изложби што ДЛУМ го презеде како протест поради нерешениот статус на Уметничкиот павилјон во Скопје. Неодамна одбивте да учествувате и на изложбата 75 македонски уметници во Париз. Би можеле ли да го објасните вашето разбирање на релацијата индивидуален уметник – Друштво како еснаф?

**– Го разбирам токму како однос на мир и немир. Јас и тогаш сум го имал истиот став дека мора да се најде начин за човек да може да делува, инаку е многу лесно да почне да бутка и да крши наоколу. Јас од Париската изложба апстинирав за да направам мир, а не немир, а сите мислеа дека моето апстинирање е еден немир. Кога се организира една изложба која ја претставува државата, зашто нејзиниот наслов е „македонска ликовна уметност“, таа мора да има концепт, да биде подготвена. А јас добив писмо: испратете едно дело! Како можам да испратам дело некаде каде што не знам во кој контекст тоа ќе биде поставено? Мислам дека е штета по 50 години да се направи една ваква манифестација без концепт и затоа мислев дека ќе внесам поголем хаос ако го дадам моето дело. Ние сме оптеретени како мала земја, но тоа не значи дека мора да покажеме квантитет, туку квалитет, надвор исклучиво квалитет бараат. Јас реков дека кога Франција би правела ваква изложба овде би требало да изложи 750 автори, но не – тие ќе изложат 20-тина, најдоброто. Ако стоеше насловот ликовна уметници од Македонија, тоа е друго, ама овде е многу конкретно дефинирано „македонска уметност“, а тоа е веќе државата. Исто така, организацијата на изложбата ја правеа уметниците – зошто се исклучени историчарите на уметност? Тие треба и можат да го направат концептот. Една изложба кога се носи надвор треба двa-три месеци однапред да се направи публицитет за да се подготви тамошната јавност. Се надевам во иднина ова ќе биде поука, оти средствата сеедно се потрошени, тоа го плаќа државата, и ако веќе се троши тогаш зошто тоа да не се направи онака како што треба.**

● Кои се, според вас, тие главни еснафски прашања што една професионална ликовна асоцијација треба да ги решава?

**– Денес ликовниот творец е во една многу тешка материјална состојба. Треба да се најдат начини еснафски да се организира така за да се олесни состојбата. Постојат во светот многу фондации кои му помагаат на уметникот да се реализира. Кај нас единствена фондација е државата која нема големи материјални можности. Мислам дека основата на еснафско здружување би била да се изнајдат и тука начини како да се создадат такви фондации кои би помогнале материјално реализирање особено на слободните уметници. Мислам дека ако Друштвото ги најде тие основи на кои ќе се воспостави, тогаш тоа ќе им олесни и на оние што ги носат законите. Тоа е вистинското прашање. Инаку, она – набавка на материјали и слично, тоа се маргинални работи кои се решаваат во од.**



НЕ ИСПРАЌАМ ДЕЛО КОГА НЕ ЗНАМ ВО КОЈ КОНТЕКСТ ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНО: ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ